Оливер БАКРЕСКИ

# УЛОГАТА НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО НОВАТА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСНА АРХИТЕКТУРА

## *Вовед*

Во последно време сè повеќе се нагласени чувството и гледањата за сè поактуелното значење и важност на ЗЕУ. Тоа може да се согледа од безбедносната состојбата која денес е актуелна во Европа. ЗЕУ во ваква констелација на односите има сè понагласена и поистакната улога на тлото на Европа. Истовремено, ЗЕУ денес станува организација која има на располагање одредени механизми што ѝ овозможуваат успешно преземање на активности во насока на справување со кризни ситуации. Потврда за тоа секако е и неодамнешното преземање на командата од страна на Еврокорпусот во Косово.

Поради тоа, со овој текст сакаме нагласената улога на ЗЕУ, која најверојатно во перспектива ќе биде сè поистакната, да ја приближиме до читателската јавност. Ова го правиме и поради тоа што ЗЕУ очигледно се појавува како поизразит елемент и фактор на стабилност во новата Европска безбедносна архитектура. Во натамошниот текст ќе се обидеме да ја презентираме ЗЕУ, преку осврт на развојот, организацијата и структурата, како и преку тенденциите на нејзиното натамошно дејствување кои во последно време се актуелни во Европа.

## I. ФОРМИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И СТРУКТУРА НА ЗЕУ

### 1. *Почетоците и основањето на ЗЕУ*

Формирањето на Западноевропската унија (Western European Union) започнува уште во првите години по завршувањето на Втората светска војна. Идејата беше придвижена од страна на: Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Велика Британија, како резултат на нараснатата потреба а, пред сè, поради опасноста за нивно загрозување од страна на советската експанзија во тој период. Во

периодот од 1945 до 1949 година се водени повеќе мировни разговори помеѓу Советскиот Сојуз и Западноевропските земји. И покрај одредени согласности од страна на Советскиот Сојуз, во 1947 година дојде до одреден застој во разговорите. Тоа воедно значеше и нивни крај. Со цел да се стави крај на можноста од советско инфилтрирање на овие простори во тој период, кон крајот на 1947 година земјите од Западна Европа се свртеа и побараа политичка, економска и воена помош од САД, која покасно резултираше со формирање на заедничко одбранбено тело - НАТО Алијансата[1]. Со оглед на постојната констелација на односите помеѓу Советскиот Сојуз, од една, и Западноевропските земји и САД, од друга страна, дојде до потпишување на договор, познат како Бриселски (17.03.1948 )[2], со што се отвори можност за создавање на ЗЕУ како организација и основа на европската интеграција.

ЗЕУ е меѓународна организација која има за цел да ја унапреди меѓувладината соработка на земјите членки на подрачјето на безбедноста. Според тоа, нејзината првенствена намера е обезбедување на државите-членки или поточно заштита на нивната слобода и безбедност, согласно со принципите на Повелбата на ООН и Бриселскиот договор склучен помеѓу нив на 17. 03. 1948 година. Бриселскиот мировен договор всушност е договор за економска, социјална и културна соработка како и за колективна самоодбрана. Договорот е со определен рок на траење или „ќе стапи во сила кога ќе се вложи последното средство на ратификација и ќе остане во сила 50 години“.[3] По завршувањето на овој период, секоја од вмешаните страни има можност да се повлече во рок од една година, со претходна најава и известување за своите намери. Текстот на договорот се состои од 10 члена на кои им претходи преамбула.

Потписничките на договорот се обврзуваат да ги штитат принципите на демократијата, личната и политичката слобода, уставните традиции и владеењето на законите кои се определуваат како заедничко наследство. Понатаму, во преамбулата се истакнува потребата

---

[1] Види: Т. Гоцевски, *Основи на системот на националната одбрана*, „Македонска ризница“, Куманово 1998, 399

[2] За комплетниот текст на Бриселскиот договор види: Официјална web страница, http://www.weu.int/eng/docu/brussels.htm page 2-6

[3] Ibid., Brussels Treaty, Article X, page 5

државите потписнички на *Договорот* да ги зајакнуваат и зацврстуваат меѓусебните економски, социјални и културни врски, како и да соработуваат и да ги координираат нивните напори за создавање на цврста основа за европско економско обновување во Западна Европа.

Со потпишување на Бриселскиот договор од 1948 година се создаде можност за формирање на ЗЕУ. Западноевропската унија во сегашната форма постои од 1954 година или поточно со потпишување на модифицираниот Бриселски договор од 23.10.1954 година, чин којшто ја создаде ЗЕУ. [4]

Изменетиот Бриселски договор е оквалификуван како „протокол кој го изменува и комплетира Бриселскиот договор од 1948 година". Во суштина, преамбулата е идентична со претходно донесениот Бриселски договор од 1948 година, разликите се наоѓаат во текстот кој наместо дотогашните 10, сега е составен од 12 члена. Потребно е тука посебно да се истакне нагласувањето на потребата за поблиската соработка со НАТО (чл. 4), создавањето на Совет со задача да ја разгледува работата која се однесува на спроведување на Договорот и протоколите и нивните додатоци (чл. 8), обврската на Советот на ЗЕУ за поднесување на годишен извештај за активностите на Собранието (чл. 9).

Од анализата на содржината на Бриселскиот договор произлегуваат основните функции на ЗЕУ, а тоа се:

- колективна одбрана;
- консултирање и одлучување во врска со определувањето на безбедносните, односно на одбранбените интереси и заедничката одбранбена политика и
- развивање на сопствени оперативни способности[5].

ЗЕУ, како организација, од нејзиното формирање до денес, поминала низ неколку условно речено, фази од својот развој. Притоа, низ својот развој, ЗЕУ се потврди и докажа како способна за искористување на можностите и прифаќање на сите предизвици на Европа, која драстично ја понагласи и редефинира својата улога во последниот период.

---

[4] Пошироко види: З. Нацев и Р. Начевски, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово 2000, 227

[5] Види: М. Митревска, *Цивилна одбрана*, „Европа 92", Кочани 1998, 57

- I фаза (1948-1954)
- II фаза (1955-1984)
- III фаза (1984-1987)
- IV фаза (1988-1990)
- V фаза (1990-)

**Првата фаза** од развојот на ЗЕУ започнува со поставување на основите т.е. фундаментите на европската безбедност и соработка, втемелени во Брителскиот договор од 1948 година и трае заклучно со потпишувањето на Протоколот за измена на Бриселскиот договор во Париз во 1954 година, кој во суштина претставува дополнување и комплетирање на постоечкиот договор од 1948 година. Со ова всушност, Западноевропските држави започнаа да си ја преземаат судбината во свои раце, а тоа значеше и креирање на сопствени вооружени сили и обезбедување на сопствена одбрана. Потпишувањето на Бриселскиот договор[6] претставува одговор на Советското раздвижување во тој период и неговиот нагласен стремеж за инфилтрација во државите од Централна Европа. Најважна карактеристика на *Договорот* е обврската за заедничка одбрана на државите потписнички на договорот во случај ако некоја од нив биде нападната или ако е жртва на агресија. Веднаш по потпишувањето на *Договорот*, по пет месеци, беше воспоставена и воена соработка. Потпишувањето на Бриселскиот договор како и решеноста за потесна и поактивна соработка со САД и Канада, претставува основа за втемелување и изградба на заеднички одбранбен сојуз помеѓу овие држави. Разговорите меѓу овие сили започнаа набрзо, што резултираше со потпишување на Северно-атланскиот мировен договор во Вашингтон на 04.04.1949 година и создавање на НАТО. На потпишувањето на договорот му претходеше т.н. Вандерберговата резолуција, како израз за спремност и готовност на САД заедно со земјите на ЗЕУ да изградат заеднички колективен одбранбен систем согласно со определбите на Повелбата на ОН. Со изразената согласност за пристапување кон овој договор на петте држави: Данска, Ирска, Италија, Норвешка и Португалија, фактички и се формализира обврската на САД и Канада за одбрана на Европа. Во декември 1950 година беше назначен првиот

---

[6] Основни потписнички се: Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Велика Британија.

Врховен командант на европските сојузници (SACEUR) ген. Ајзенхауер. Со тоа земјите потписнички на Бриселскиот договор донесоа одлука за соединување на воените организации во НАТО, која понатаму претставуваше основа во Западно-европскиот и Северно-атланскиот безбедносен систем.

Во овој период сè понагласена беше и желбата на Сојузна Република Германија за целосно интегрирање во оваа безбедносна структура. Иницијатор и поддржувач на една ваква замисла беше Франција. Напорите за интегрирање на СР Германија во Западниот безбедносен систем продолжија. За таа цел во Лондон (септември 1954) се одржа специјална конференција на која покрај петте држави потписнички на Бриселскиот договор присуствуваа и САД и Канада. Тогаш беше одлучено а подоцна беа формализирани заклучоците со Париската спогодба, за овозможување на прием односно приклучување на СР Германија и Италија во ЗЕУ.

**Втората фаза** од развојот на ЗЕУ започнува од 1954 година кога земјите потписнички на Париската спогодба ги потенцираа и истакнаа трите главни цели дадени во самиот предговор на изменетиот Бриселски договор од 23 октомври 1954 година:

- создавање на цврста основа за европско економско обновување на Западна Европа;
- меѓусебна помош во спротиставувањето на секој обид на агресија;
- поткрепување на единството и поттикнување на прогресивната интеграција на Европа.

Периодот од 1954 до 1973 година е карактеристичен за ЗЕУ по нагласувањето на нејзината улога во насока на покомплексно промовирање на соработката помеѓу Западноевропските држави. Тоа претставува основа за понатамошна понагласена комуникација, кооперација и остварување на ефикасна заедничка одбрана, како и спроведување на контрола во вооружувањето. Во овој период, покрај одредени позитивни промени кои се случија во градењето на безбедносната политика на ЗЕУ, се појавија и одредени недоразбирања и несогласувања помеѓу Европската Заедница и Велика Британија. Тие беа надминати кога Велика Британија стана составен дел на ЕЗ во 1973 година. Од таа година, заклучно со крајот на завршувањето на

втората фаза, ЗЕУ се најде во една исклучитено тешка положба. Нејзината активност започна постепено да опаѓа. Својата работа ја продолжи Агенцијата за контрола на вооружувањето заедно со Комитетот за вооружување. Советот и неговите политички активности беа потиснати во овој период од развојот на европската политичка соработка. Но подоцна, до 1984 година, кога започнува и периодот на пресвртница на ЗЕУ, посебно се истакнува големата улога на Собранието[7] и Советот. Тие во голема мера значително придонесоа преку меѓусебниот политички и институционален дијалог за јакнење на Европската безбедност и одбрана.

**Третата фаза** во развојот на ЗЕУ започна со нејзино значително придвижување, кое значеше излез од кризата во која дотогаш се наоѓаше. Значаен придонес во оваа пресвртница даде заедничкиот прелиминарен состанок на министрите за надворешни работи и одбрана во рамките на ЗЕУ во Рим на 26 и 27.10.1984 година кое резултираше со донесување на познатата Римска декларација[8], како и усвојувањето на „Платформата за европски безбедносни интереси" од страна на Советот на Министри на ЗЕУ, во октомври 1987 година, позната како Хашка платформа[9].

На иницијатива на владите на Белгија и Франција, на 26-27.10.1984 година се одржа заеднички состанок на министрите за надворешни работи и одбрана во рамките на ЗЕУ. Како резултат на дводневната работа беше усвоена и донесена декларација која претставува основачки текст за реактивирање на ЗЕУ. На состанокот во Рим беше истакната потребата од продолжување и зацврстување на соработката, како и од нагласување на трајната определба за зацврстување на безбедноста во Западна Европа. Тоа истовремено значеше и истакнување на заедничката потреба за одбрана на сите земји членки на Северноатланскиот сојуз.

Римската декларација потврди дека Советот на ЗЕУ ќе може понатаму да смета учеството на Европа во решавање на кризи во други

[7] Се мисли на Парламентарното собрание

[8] Целосниот текст на декларацијата да се види во: Официјална web страница, http://www.weu.int/eng/comm/84-rome.htm page 1-2

[9] Целосниот текст на Платформата да се види во: Официјална web страница, http://www.weu.int/eng/comm/87-hague.htm page 1-6

региони во светот. Оваа констатација е во корелација со чл.7 формулирана во изменетиот Бриселски договор од 1954 година. Состанокот во Рим, покрај другото, имаше задача да ја одбележи и да даде една ретроспектива на тридецениската континуирана работа на ЗЕУ од донесувањето на изменетиот Бриселски договор.

Значењето на Хашката конференција е во утврдувањето на условите и критериумите на европската безбедност и специфичните обврски на членките на ЗЕУ за нивната одбрана во Северно-атланската алијанса. Хашката платформа е донесена во октомври 1987 година, од страна на Министерскиот совет на ЗЕУ. Во неа се дефинирани основните начела за понатамошната работа на ЗЕУ. Во предговорот на платформата се потенцира: „Се повикуваме на обврската за основање на Европска унија во согласност со единствениот европски документ, кои сите ние го потпишавме како членки на Европската заедница. Убедени сме дека составот на интегрирана Европа нема да биде целосен сѐ додека не вклучува безбедност и одбрана“. [10]

На состанокот беше нагласена решеноста за зацврстување на односите со Алијансата и се одлучи за отпочнување на разговори за прием на Португалија и Шпанија кои подоцна и формално, на 27.03.1990 година, станаа полноправни членки на ЗЕУ.

На Хашката конференција беа утврдени неколку критериуми како основа на европската безбедност:

1. Примарната цел и понатаму е спречување на секаков вид војна, а основата во зачувување на безбедноста е во одржувањето на одбранбената готовност и адекватни воени капацитети.
2. Создавање на стратегија за одбрана која ќе се темели врз адекватни нуклеарни сили или нуклеарен елемент кој ќе може да се спротистави на потенцијалниот агресор без сопствен ризик.
3. Присуството на САД со конвенционални и нуклеарни сили се смета како за исклучително важно за остварување на одбраната на Европа. Со тоа се истакнува обврската на САД за одбрана на Европа.

---

[10] Пошироко види: NATO-Handbook, 1998, 332

4. Контрола на оружјето и разоружувањето, како составен дел на западната безбедносна политика.

Сето ова се гледа во контекстот на создавање перспективи и продолжување на напорите за поблиска соработка со САД и создавање услови за еднаква положба на полето на безбедноста со НАТО.

**Четврта фаза** од развојот на ЗЕУ е, всушност, учеството во заеднички акции во Заливот[11] од 1988 до 1990 година. Тогаш беше имплементиран во практика Бриселскиот договор од 1954 година. Акциите што ги преземаа државите-членки на ЗЕУ во Заливот беа во согласност со член 7 од изменетиот Бриселски договор. За време на војната меѓу Иран и Ирак во Персискиот залив во 1987 и 1988 година, беа поставени мини кои претставуваа закана при движењето во меѓународните води. За таа цел државите членки на ЗЕУ заеднички реагираа во отстранувањето на оваа закана за слободата на пловидбата. Во операцијата позната како „Операција за чистење", за краток период беа исчистени околу 300 милји долг морски пат од теснецот Хормуз. Ова беше прва заедничка акција на земјите од ЗЕУ.

Во периодот на водењето на Заливската војна, министрите на ЗЕУ, со цел да се овозможи почитување на одлуките т.е. имплементација и ставање во сила на Резолуцијата 661 на ОН, одлучија да ги координираат своите операции. Со тоа механизмите за координација во 1988 година беа реактивирани и им беше проширен делокругот на активности. За таа цел беше определена група од претставници на министрите за надворешни работи и одбрана со задача да ја контролира координацијата во главните градови и во операционите зони. За следење на ситуацијата беше задолжен постојаниот Совет кој беше лоциран во Лондон. Во Париз, на 21.08.1990 година од страна на министрите уште еднаш беше нагласена неопходноста од меѓусебната координација на заеднички операции и активности во рамките на ЗЕУ. Сето ова во голема мера би ја олеснило соработката со САД, но и со сите држави кои гравитираат во тој регион. ЗЕУ и по завршувањето на непријателствата ја продолжи својата активност. Нејзината мисија беше насочена и продолжи со отстанување на мини во Заливот и

---

[11] Поширoко види: З. Нацев и Р. Начевски, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово 2000, 229

создавање на можности за непречено движење во тоа подрачје. ЗЕУ покасно се ангажираше и за време на агресијата на Ирак врз Кувајт (1990-1991), и беше насочена против држава која не го почитува и спроведува меѓународното право.

**Петтата фаза,** која и натаму трае е содржана во делот кој се однесува на активностите на ЗЕУ за 1990 година. Во овој дел се зборува за нејзината улога во последнава деценија како и за тенденциите на нејзиниот натамошен развој.

### 1.1. *Држави-членки на ЗЕУ*

Western European Union е меѓународна организација која во себе има инкорпорирано 28 држави. Земјите-членки на ЗЕУ се поделени во четири групи со статус:

- постојани членки
- асоцијативни членки
- земји-набљудувачи
- асоцијативни партнери.[12]

Карактеристично за ЗЕУ е тоа што по усвојувањето на Декларацијата од Мастрихт во 1991 година, ЗЕУ развива систем во чии рамки сè поголем број европски земји асоцираат во нејзините активности. Покрај основачите, во 1990 година, Португалија и Шпанија станаа земји-членки на ЗЕУ, а подоцна истото го направи и Грција станувајќи десетта држава-членка. Земјите-членки на ЗЕУ во 1991 година во Мастрихт широко ги отворија вратите за сите заинтересирани членки на ЕУ за членство во ЗЕУ. Во исто време беше испратена покана до сите други европски држави-членки на НАТО да се здобијат со асоцијативно членство во ЗЕУ. Во тој период со статус асоцијативни членки се здобија Исланд, Норвешка и Турција. Со приемот на Австрија, Финска и Шведска во ЕУ, земајќи ја предвид предходно и Ирска а покасно и Данска, сите тие станаа членки на ЗЕУ со статус набљудувач. Неколку години подоцна, во Кирхберг во мај 1994 година, беше востановен и статусот асоцијативен партнер на ЗЕУ, а како партиципиенти беа земени државите од Централна и Источна Европа

[12] Види слика број 1 во прилог.

кои претходно ја имаа потпишно Европската спогодба со ЕУ. Така, во 1994 година асоцијативни партнери на ЗЕУ станаа: Бугарија, Чешката Република, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Полска, Романија, Словачка и Словенија.

По приемот во НАТО, Постојаниот совет на ЗЕУ на 23.03.1999 година, одлучи Чешката Република, Унгарија и Полска да се здобијат со статус на асоцијативно членство во ЗЕУ.

Од сите земји-членки на ЗЕУ потребно е да се потенцира дека само 10-те постојани членки потписнички на изменетиот Бриселски договор имаат право да донесуваат одлуки во ЗЕУ.

### *2. Организациона поставеност и структура*

Западноевропската унија има разгранета организациона структура. Генерално, таа се состои од следните органи и тела:

1. Парламентарно собрание;
2. Совет;
3. Генерален секретаријат;
4. Воен комитет;
5. Работни групи.

На крајот на текстов е даден денешниот статус на државите од Европа во ЗЕУ (слика број 1) и шематската структура на ЗЕУ (слика број 2).

Во продолжение во кратки црти ќе бидат презентирани основните содржини и делокругот на работа на органите и телата на ЗЕУ[13].

#### *ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ*

Парламентарното собрание на ЗЕУ расправа по прашања за европската безбедност и одбрана со обврска резолуциите што ги усвојува да ги направни достапни до Советот. Во составот на Собранието се наоѓаат 115 пратеници како претставници на постојаните земји-членки на ЗЕУ. Во рамките на Собранието се наоѓаат повеќе одбори со определен делокруг на работа[14].

---

[13] Види за структурата на ЗЕУ: Прилог (слика број 2).

[14] Пошироко види: З. Нацев и Р. Начевски, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово 2000, 229

*СОВЕТ*

Советот на ЗЕУ е нејзиниот централен орган. Советот ги разгледува сите прашања што произлегуваат на Договорот (прашањата во врска со одбраната и безбедноста), како и од сите протоколи и анекси. Неговата задача е конкретизирана и дадена во чл. 7 од Бриселскиот договор. Советот е така организиран да може да ги испитува и неговите функции. Неговото свикување може да биде иницирано од која било земја-членка на ЗЕУ, во зависност од потребата и без разлика на времето.

*СОВЕТ НА МИНИСТРИ*

Составен е од министрите за надворешни работи и за одбрана. За извршување на неговите активности тој се состанува двапати годишно и тоа во земјата која го има статусот на домаќин на ЗЕУ. Процедурата за учество како и бројот на нивните состаноци, беше утврден на состанокот во Рим од 1984 година. Начинот на работата е поделен на два дела:

– прво, состанок на министрите за надворешни работи и за одбрана на државите-членки, заедно со потенцијалните партиципиенти: асоцијативните членки и земјите-набљудувачи;

– второ, состанок со сите држави-членки на ЗЕУ, кои се и активни учесници во консултативниот процес и работа.

*ПОСТОЈАН СОВЕТ*

Тој е составен од постојани претставници, поддржани од воени делегати. Неговите состаноци се одржуваат во зависност од потребата, обично еднаш во неделата. Одлуките што се донесуваат на состаноците, по правило, се со консензус од десетте постојани членки, но ако се утврди поинаков начин т.е. ако се промени процедурата, тогаш рамноправно учествуваат сите земји-членки на ЗЕУ. Како централен орган, тој е одговорен за секојдневното управување со организацијата и за определување на задачите и координирање на активностите во неговите работни групи.

Со неговата работа раководи државата-членка на ЗЕУ, според ротацијата што е претходно утврдена. Мандатот на Претседавачот е ограничен на половина година. Како дел на пакетот мерки, а со цел да

се зајакне соработката помеѓу ЗЕУ-ЕУ, со Декларацијата на ЗЕУ од 22.07.1997 година се одреди нов начин на ротација од страна на Советот на ЗЕУ.

***ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ***

Неговата задача се состои во подготвување и организирање на активностите на Советот и во давање неопходна поддршка. Генералниот секретаријат има персонал од 100 члена, претставници на 10 земји-членки. На чело на Генералниот секретаријат се наоѓа Генерален секретар избран од земјите-членки на ЗЕУ и тој раководи со состаноците на Постојаниот совет, ја претставува организацијата и е одговорен за водењето на штабовите на организацијата.

Генералниот секретаријат, го сочинуваат повеќе сектори со посебни задачи во рамките на нивниот делокруг на работа. Секторите се групирани според следната категоризација:

- Приватен сектор;
- Совет на секретаријатот;
- Сектор за политички прашања кои го вклучува и секретаријатот за вооружување;
- Центар за информации и прес;
- Сектор за преведување;
- Административен сектор;
- Сектор за финансирање и буџет и
- Биро за безбедност.

## ВОЕН КОМИТЕТ, ШЕФОВИ НА ОДБРАНА, ГРУПА НА ВОЕНИ ДЕЛЕГАТИ

Во 1992 година во Санкт Петерсбург беше донесена одлука од страна на министрите на ЗЕУ за одржување на состаноци на шефовите на персоналот за одбрана (CHODS), задолжително два пати годишно, но и порано секогаш кога има потреба за тоа. Во овој период беше формирана и Групата на воени делегати (MDG), која има обврска да ги подготвува состаноците на CHODS, мониторинг на сите воени аспекти на планирање и надгледување, како и работа на телото за планирање. Нивна задача е експертски да ги поддржуваат одлуките на Советот на ЕУ.

***ВОЕНИОТ КОМИТЕТ*** - е формиран во Париз во 1997 година од страна на Министрите на ЗЕУ. Основите или фундаментите на Воениот комитет беа потврдени во ноември 1997 година, а стапи во функција наредната година. Според новите договори (1997), Воениот комитет во чиј состав се шефовите за одбрана, доби квалификација на постар воен орган на ЗЕУ, за чие ангажирање е неопходно овластување од Советот. Тој е претставуван од Делегатите на воениот комитет (MDC). На негово чело се наоѓа претседател, кој е одговорен за Воениот персонал на ЗЕУ. Воениот комитет учествува во воено-политичките одлуки во ЗЕУ на тој начин што обезбедува совети за воено-операционите активности кои што треба да ги преземе Советот.

***РАБОТНИ ГРУПИ***

Во рамките на работните групи се наоѓаат одредени подгрупи со свои карактеристики. Неколку работни групи се формирани за давање на поддршка на Постојаниот совет. Други имаат обврска да учествуваат во постојани мисии и им е доделена посебна улога за време на операции. Трети имаат одредено посебни мандати од Советот за прашања со долгорочна импликација, а додека дел од нив работат во посебни области.

Во продолжение ќе укажеме на основните работни групи[15].

*ПОСТОЈАНИ ГРУПИ* (Standing Groups).

Како постојани работни групи се издвојуваат следните:

- **Работна група на Советот** (Council Working Group);
- **Политичко-воена група** (Politico-Military Group);
- **Вселенска група** (Space Group);
- **Комитет за буџет и организација** (Budget and Organization Committee);
- **Комитет за безбедност** (Security Committee);
- **Комуникациско-информационен комитет** (Communications and Information Systems Committee).

[15] За нивниот делокруг на работа и задачи види пошироко во: NATO`S SIXTEEN NATIONS, special issue 2/1998, ZEU-50 YEARS OF EUROPEAN SECURITY, page 31-72

*ДОЛГОРОЧНИ ГРУПИ* (Long-term issue groups).

Според називот, овие групи во суштина се занимаваат со прашања од долгорочен карактер. Како такви се издвојуваат:

- **Специјалната работна група** (Special Working Group);
- **Група на претставници за одбрана** (Defence Representatives Group).

*ГРУПИ СО СПЕЦИФИЧНИ ЗАДАЧИ* (Specific subject groups).

Овие се познати како групи со посебен предмет на интерес и во нив се содржани:

- **Политичко-воена работна група** (Politico-Military Working Group);
- **Медитеранска група (**Mediterranean Group)[16] ;
- **Групата за контрола на вооружување и разоружување (**CFE);
- **Групата на експерти за отворени неба** (Open Skies Experts Group).

*ДРУГИ РАБОТНИ ГРУПИ* (Working Groups).

За другите работните групи карактеристично е тоа што во нивната работа се вклучени сите полноправни земји-членки на ЗЕУ. На состанокот одржан во март 1999 година беше одлучено во овие работни групи да бидат активно вклучени и трите нови членки на ЗЕУ: Чешката Република, Полска и Унгарија. Овде спаѓаат:

- **Група за евроразвој** (EUROLONGTERM);
- **Еврокоманда** (EUROKOM);
- **Западноевропска логистичка група** (Western European Logistics Group);
- **Работна група на Советот на трансатланскиот форум** (Council Working Group on the Transantlantic Forum).

ЗЕУ има и други значајни органи, тела и институции. Во продолжение ќе се осврнеме на накои од најзначајните.

***САТЕЛИТСКИ ЦЕНТАР***

Овој центар (Satellite Centre) е формиран во 1991 година. Нешто подоцна, во Торејон (Шпанија) овој центар беше инаугуриран, а покасно тој стана и составен дел или тело на ЗЕУ (1995). Во основа

---

[16] Оваа група е за соработка со држави кои не се партиципиенти на ЗЕУ а тоа се: Алжир, Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и Тунис.

овој центар треба да направи анализа на безбедноста со набљудување од сателити на одредени активности, кои во голема мера придонесуваат за нејзина промена од сателит. Тој исто така врши набљудување и следење на подрачја кои се од интерес за ЗЕУ.

***ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСНИ СТУДИИ***

Институтот за безбедносни студии е тело во составот на ЗЕУ. Неговата работа започнува со неговото формирање на 01.07.1990 година во Париз. Главната цел на Институтот за безбедносни студии е насочена првенствено кон промовирање на европскиот идентитет за безбедност и одбрана. Неговата специфичност се огледа во неговата самостојност. И покрај тоа што е составен дел на Советот на ЗЕУ, тој во голема мера дејствува самостојно во реализирањето на неговата основна замисла и цел.

***ЗАПАДНО-ЕВРОПСКА ГРУПА ЗА ВООРУЖУВАЊЕ***

Кооперациониот форум за вооружување е познат како Western European Armaments Group. Оваа група има издиференцирано и определено одредени цели:

а) поефикасна употреба на изворите и зголемена хармонизација на барањата;
б) отворање на пазари за национална одбрана и за меѓусебно натпреварување и
в) соработка во истражувањето и развојот.

***ЗАПАДНО-ЕВРОПСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВООРУЖУВАЊЕ***

Western European Armaments Organization е формирана во 1996 година и претставува прва европска организација за вооружување со меѓународен легитимитет. Целта за нејзиното формирање е обезбедување на полесен пристап до Европската агенција за вооружување. Западно-европската организација за вооружување (WEAO) има задача да управува со активности поврзани со истражување и технологии.

## II. МЕСТОТО, УЛОГАТА И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ЗЕУ

Очигледно е дека од 1991 година, ЗЕУ има сè понагласена и поистакната улога и способност во Европа. Развојот на ЗЕУ од 1991 година се темели пред сè на блиската соработка што ја остварува ЗЕУ со ЕУ и НАТО. Може да се констатира дека ЗЕУ денес прераснува во

организација која е способна да се справи со кризни ситуации и да презема операции (додуша сè уште не од најсложен карактер) за нивно спречување во кои било делови на тлото на Европа. Оваа констатација е потврдена и кореспондира со одлуките кои беа донесени неодамна на состанокот на Европскиот совет што се одржа во Келн во јуни 1999 година.

Во 1991 година, во Мастрихт, се состанаа шефовите на држави и влади на земјите членки на Европската заедница (ЕЗ), и беше донесено решение за основање на заедничка надворешна и безбедносна политика (CFSP). Подоцна, на 10.12.1991 година, од страна на министрите на ЗЕУ беа донесени *две декларации* со кои се поставија темелите во развојот на ЗЕУ.

Значењето на првата декларација на ЗЕУ е во насока на определување и утврдување на односите на ЗЕУ со ЕЗ и Атлантската алијанса. Во таа насока се потенцира: „ЗЕУ ќе се развива како одбранбена компонента на ЕУ и како средство за зајакнување на европскиот столб на Атланската алијанса. На крај ќе се формулира заедничка Европска одбранбена политика и ќе се врши конкретна имплементација преку понатамошниот развој на сопствената оперативна улога“.[17] Со Мастрихтшката декларација беа предложени голем број мерки за развој и јакнење на врските за соработка меѓу ЗЕУ и ЕУ. Покарактеристични достигнувања се:

- одржување на координирани состаноци помеѓу релевантните работни групи на ЗЕУ и ЕУ;
- воспоставување на договори за размена на документи помеѓу двата секретаријата и нивно заедничко учество на соодветни состаноци на двете организации;
- воспоставување на договори за информации и консултации на Комисијата за активности на ЗЕУ.

Тогаш беше донесена одлука за префрлање на седиштето на Советот на ЗЕУ и Генералниот секретаријат од Лондон во Брисел.

Карактеристично за втората Декларација на ЗЕУ е определувањето на критериуми за членство во неа. Во продолжение се истакнува: „Се покануваат државите членки на ЕЗ да пристапат кон ЗЕУ

[17] Види пошироко: Официјална web страница: http://www.weu.int/eng/info/role.htm page 1

под услови што ќе бидат договорени во согласност со чл. 11 од изменетиот Бриселски договор или, пак, доколку сакаат да станат набљудувачи. Истовремено, другите земји членки на НАТО од Европа се покануваат да станат асоцијативни членки на ЗЕУ на начин кој што ќе им овозможи целосно учество во активностите на ЗЕУ".[18]

Со цел да се согледаат резултатите од применувањето на Декларациите донесени во Мастрихт, на 19.06.1992 година во Петерсбург се одржа состанок на кој меѓу другото беше преземен и чекор кон дефинирање на оперативната улога на ЗЕУ. На овој состанок државите членки на ЗЕУ ја истакнаа својата согласност и спремност за ставање на располагање на воени единици за извршување на воени задачи под раководството на ЗЕУ. Овие единици првенствено ќе бидат насочени кон извршување на следните задачи:

- хуманитарни и спасувачки задачи;
- задачи за зачувување на мирот;
- задачи за борбени сили во раководењето со кризни состојби, вклучително и за зачувување на мирот и др.

Акциите од ваков вид често се нарекувани „Петерсбуршки задачи".

Во периодот на 90 години, ЗЕУ и ЕУ започнаа да се развиваат во организации со можност да им излезат во пресрет на новите безбедносни предизвици. Во истиот период НАТО правеше чекори за приспособување на своите структури кон новонастанатите состојби. Самитот на Алијансата во јануари 1994 година претставува важен камен-темелник на одбранбениот и безбедносниот идентитет на НАТО и ЗЕУ. На Самитот, лидерите на НАТО дадоа целосна поддршка за развивање на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет и за јакнење на улогата на ЗЕУ. Лидерите на НАТО ја декларираа својата спремност за ставање на располагање на средства и потенцијал за дејствување и преземање на операции на ЗЕУ. Лидерите на НАТО во овој период дадоа согласност за формирање на концептот за Комбинирана заедничка оперативна група (CJTF), со цел не само за приспособување на структурите на Алијансата кон новите мисии на НАТО, туку и кон унапредување на соработката со ЗЕУ.

---

[18] Ibid., 1

Интензивната работа на концептот за CJTF зема значајно место во НАТО и ЗЕУ помеѓу 1994 и 1996 година. Оваа работа вроди плод на Министерскиот состанок на НАТО одржан во Берлин во јуни 1996 година. На состанокот во Берлин и Брисел беа донесени важни придобивки репрезентирани во процесот на приспособување на НАТО и во односите на НАТО со ЗЕУ. За таа цел го одобрија CJTF концептот, го елаборираа Европскиот мултинационален команден аранжман за операции раководени од страна на ЗЕУ и спроведување на воени планирања и вежби за илустративни мисии на ЗЕУ.

Соработката меѓу ЗЕУ и НАТО во овој период беше понагласена. Оваа заедничка работа беше заснована врз донесувањето на заеднички мерки за практична соработка помеѓу двете организации кои ќе се реализираат преку:

- заеднички состаноци на Советите на ЗЕУ и НАТО најмалку четири пати годишно;
- заеднички состаноци на второстепените тела;
- учество на секој генерален секретар во министерските состаноци на другата организација;
- заедничко учество на Секретаријатот и воениот персонал во определени работни групи кои работат во CJTF;
- заедничко набљудување на вежбите;
- безбедносен договор кој ќе ја засили размената на информации и практичната соработка и
- користење од страна на ЗЕУ на целокупниот телекомуникациски систем на НАТО и друго.

Во 1997 година со Договорот од Амстердам повторно се истакна и потврди улогата на ЗЕУ во обезбедувањето на ЕУ со оперативна способност и надополнување на своите дипломатски и економски средства за преземање на петерсбуршките задачи сега вклучени во обновената Повелба за ЕУ. Понатаму, договорот повикува на подобрување на соработката меѓу ЗЕУ и ЕУ и создавање можност за интегрирање на ЗЕУ во ЕУ доколку за тоа даде согласност и одлучи Европскиот совет. Декларацијата, усогласена од страна на Министрите на ЗЕУ во Брисел на 22.07.1997 година и приложена кон Завршниот акт на

Меѓувладината конференција на ЕУ, го утврди дневниот ред за понатамошниот развој на ЗЕУ[19].

Помеѓу другото, на Самитот на НАТО што се одржа во Вашингтон во април 1999 година беа поздравени заедничките активности на ЗЕУ и НАТО и беше потенцирана неговата спремност за формирање на ЗЕУ-НАТО механизми во создавањето на непосредни врски на НАТО и ЕУ. Неговата спремност за поддршка на ЕУ беше нагласена особено со прифаќањето на неопходните аранжмани за заедничките имоти и средства на НАТО за изведување на операции во кои НАТО не би бил воено обврзан. Ова ќе му овозможи на ЗЕУ изедначување во користењето на заедничките потенцијали со НАТО и ќе придонесе кон изедначување на низа Европски командни опции за раководните операции на ЕУ.

Потребно е да се истакне дека земјите-членки на ЗЕУ во рамките на остварувањето на меѓусебната соработка и дијалог за прашањата од областа на одбраната и безбедноста подеднакво се заинтересирани и за воспоставување на добри односи со други меѓународни организации и со билатерални донатори. Може да се истакне дека координацијата со другите меѓународни организации и билатерални донатори претставува највисок приоритет во рамките на ЗЕУ.

Поради тоа, ЗЕУ воведе редовна соработка со ОБСЕ, ја продлабочува воспоставената соработка со ЕУ, НАТО а, истовремено, поради стратегиското значење на Руската федерација и Украина, ЗЕУ развива постојани односи во вид на политички консултации како и практична соработка за прашања за кои се смета дека се од заеднички интерес.

Карактеристично за ЗЕУ е тоа што тој нема формирани цврсти сопствени сили ниту пак постојани командни структури. За извршување на одредени операции определени врз принципот „од случај до случај“, воените единици и штабови кои што може да се стават на располагање на ЗЕУ се од страна на земјите-членки на ЗЕУ. Воениот персонал на ЗЕУ има обврска овие сили да ги чува во посебна датотека и предвидено е задолжително да се ажурираат еднаш годишно, но по потреба може и повеќе пати. Силите на ЗЕУ, покрај националните

[19] Пошироко види: NATO-Handbook, 1998, 333

единици, се составени и од повеќенационални формации. Заедничко е и за двете дека тие одговараат пред ЗЕУ и, по потреба, му се ставаат на располагање. Тука спаѓаат:

- Европски корпус (EUROCORPS) составен од Белгија, Франција, Германија, Луксембург и Шпанија;
- Централна мултинационална дивизија (Multinational Division – Central) претставена од Белгија, Германија, Холандија и Велика Британија;
- Амфибиски сили (Amphibious Force) на Велика Британија и Холандија;
- Сили за брзо ангажирање (EUROFOR) во состав на Франција, Италија, Португалија и Шпанија;
- Европски поморски сили (EUROMARFOR) - Франција, Италија, Португалија и Шпанија;
- Главен штаб на првиот германско-холандски корпус;
- Амфибиски сили на Шпанија и Италија;
- Европски воздушни сили (European Air Group) - Белгија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Шпанија и Велака Британија.

**Како заклучок** треба да се укаже дека од последните активности и ангажирања на ЗЕУ се гледа дека тоа оди во насока на свое оперативно зајакнување и развој на своите одбранбени капацитети за политичко зацврстување на неговите одлуки за европската безбедност. Од друга страна, се очекува, во наредните десетина години, да се промени улогата на НАТО во Европа. Тоа значи дека ЗЕУ и натаму ќе биде зависен од одлуките и ставовите на поетаблираниот НАТО и ќе се очекува да ја преземе неговата и натаму водечка европска одбранбена улога.

**Клучни зборови:** ЗЕУ, организациона поставеност, структура, перспективи.

# III. ПРИЛОЗИ




Слика бр. 1: ЗЕУ - Денешен статус на државите

**Легенда:**
(1) Асоцијативен член на ЗЕУ
(2) Набљудувачи на ЗЕУ
(3) Асоцијативни партнери на ЗЕУ
(4) Набљудувачи на ЕАПС (Евроатлатски партнерски совет)
(5) Суспендирано членство




**Легенда:**

——— Структури со правото на одлучување

• • • • • Структури одговорни за врски и дијалог

- • - • - Структури за поддршка

## Литература


1. Anderson S., EU, NATO and CSCE Responses to the Yougoslav Crisis: Testing Europe's New Security Architecture, "European Security", Vol 4, N-2, pp. 328.
2. Ahlstrom C. and Nordquist K., Casulties of Conflict, Sweeden, Uppsala University, 1991
3. Blanchard Oliver, *The Economics of Post-Communist Transition,* Clarendon Press, Oxford, 1997.
4. Barnes Ian and Barnes M. Pamela, *The Enlarged European Union,* Longman, 1996
5. Гоцевски Т., *Колективнаша безбедносш и одбранаша на Македонија,* „Просвета", Куманово 1993.
6. Гоцевски Т., Основи на системот на националната одбрана, „Македонска ризница", Куманово, 1998
7. Grizold A., Tatalović S. i Cvrtila V., Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti, Fakultet politickih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1999.
8. *Европскаша унија - ваш сосед - докуменшација,* Скопје, 1995.
9. Ditrich F., Nonmilitary Aspects of Security: A Sistems Approach UNDIR, 1993.
10. Kelleheri M.C., Mattoh C.A., Evolving European defense Policies, Lehington Books, 1987.
11. Нацев З. и Начевски Р., *Војна, мир и безбедносш*, „Македонска ризница", Куманово, 2000.
12. NATO-Nandbook: Office of information and Press, Brussels, 1998.
13. NATO'S SIXTEEN NATIONS, special issue 2/1998, ZEU-50 YEARS OF EUROPEAN SECURITY, Jules Perel's Publishing Co, Netherland, 1998.
14. Митревска М., *Цивилна одбрана*, „Европа 92", Кочани, 1998
15. Стаменковски А., *НАТО и одбранаша*, НИП „Ѓурѓа", 1997.
16. Williams D., From Western European Union, News in a Nutshell, 1991.
17. Web site: http://www.weu.htm

## SUMMARY

Oliver BAKRESKI

## THE ROLE OF WESTERN EUROPEAN UNION IN THE NEW SECURITY ARCHITECTURE OF EUROPE

In the new constellation of relations in Europe and the World today, WEU obtains more emphasised and more distinguished role. WEU gradually grows into an organization which endeavours to take over and change the role of NATO in Europe in the near future. Constant growth of its role constitutes WEU into an organization which leaning on its mechanisms, finds itself increasingly in a position of taking over activities in crisis management. Bearing that in mind, the study elaborates the development and characteristics of WEU as well as the key moments which led up to operational reinforcement and development of WEU.